## Локални такси - Комунални такси

Плаќањето за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните се уредува со Законот закомуналните такси (сл.весник на Р.М. бр.61/04.......23/16).

Висината на комуналните такси, во рамките утврдени со Тарифата, со Одлука ја утврдува советот на општината, советот на општините во градот Скопје и Советот на градот Скопје.

1) Комуналните такси се плаќаат за: 1) секоја фирма, односно назив на деловна просторија; 2) користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба; 3) користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност; 4) истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места; 5) користење на музика во јавните локали; 6) поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради; 7) користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;8) користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината; 9) користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли и 10) користење и одржување на јавно осветлување.

(2) Под јавни локали, во смисла на ставот (1) точка 5 на овој член, се подразбираат угостителските објекти (кафеани, гостилници и слично) и нивните истурени деловни места (бавчи, тераси и слично).

(3) Под корисник на јавно осветлување од ставот (1) точка 10 на овој член се подразбира секој имател на броило од категоријата "домаќинство" и секој имател на броило од категоријата "останата потрошувачка".

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.